**Општинско основно училиште “ Партенија Зографски”**

**Скопје-Кисела Вода**

# Д Е Л О В Н И К

## за работата на Училишниот одбор

## на ООУ„Партенија Зографски“

Декември 2019

Врз основа на член 108 од Законот за основно образование, Училишниот одбор на седницата одржана на ден 25.12.2019 година донесе:

# **Д Е Л О В Н И К**

За работа на Училишниот одбор на

ООУ„Партенија Зографски“ Кисела Вода, Скопје

## **Општи одредби**

### **Член 1**

Со овој Деловник се регулира начинот на работа на Училишниот одбор на ООУ„Партенија Зографски“ Кисела Вода, Скопје (во натамошниот текст Одборот).

### **Член 2**

Одредбите на овој Деловник се однесуват на членовите на Училишниот одбор.

### **Член 3**

Училишниот одбор расправа и одлучува по прашања во врска со работата на училиштето (дејност) кои во негова надлежност се утврдени со законот,подзаконските акти и нормативните акти на училиштето.

### **Член 4**

Орган на управување во училиштето е Училишниот одбор.

Училишниот одбор брои **7** члена и тоа:**3** претставници од наставниците,**3** претставници од родителите односно старателите на учениците и **1**претставник од основачот.

На седниците на училишниот одбор, се покануваат и во неговата работа учествуваат, без право на глас и двајца претставници на учениците избрани од ученичкиот парламент.

Претставниците на родителите односно старателите на учениците,од основачот и од Министерството не можат да бидат именувани односно избирани од редот на вработените во училиштето.

Преставникот на основачот го именува, односно разрешува Советот на Општината.

Претставниците на родителите,односно старателите на учениците ги именува и разрешува Советот на родителите,претставниците на наставниците ги именува и разрешува Наставничкиот совет на училиштето.

**Член 5**

Членовите на Училишниот одбор не смеат меѓусебно и со директорот на училиштето да бидат во роднинска врска по права линија во било кој степен, односно странична линија до трет степен за што сите членови потпишуваат изјава.

**Член 6**

Мандатот на членовите на Училишниот одбор е определен со закон.Мандатот на членовите на училишниот одбор е три години, а мандатот на претставниците на родителите е за период до завршувањето на основното образование на нивното дете, но не подолго од три години.

**Член 7**

Мандатот на членовите на Училишниот одбор почнува од неговото конституирање.

Конститутивната седница на Училишниот одбор ја свикува и до изборот на претседател со неа претседава најстариот претставник.

Училишниот одбор од редот на своите членови- претставници од редот на родителите, односно старателите избира претседател со мнозинство гласови од вкупниот број членови, по пат на тајно гласање.

Заменик претседател и комисии како помошни тела на Училишниот одбор се избираат по пат на предлог со јавно гласање.

Претседателот на училишниот одбор се грижи за правилна примена на одредбите на овој Деловник.

Во отсуство на претседателот го заменува неговиот заменик кој ги има истите права и должноцти како и претседателот.

## Подготовка,свикување и работа на седниците на Училишниот одбор

### Член 8

Училишниот одбор работи на седници.

### Член 9

Седниците на Училишниот одборот ги свикува по потреба,но најмалку еднаш месечно.

### Член 10

Седниците на Училишниот одбор ги свикува и со нив раководи претседателот. Во отсуство на претседателот со седницата раководи заменик претседателот на Училишниот одбор.

Седниците на Училишниот одбор ги свикува претседателот и тоа :

- по своја иницијатива;
- по барање на директорот;
- по барање на една третина од вкупниот број на членови на Училишниот одбор;
- по барање на една третина од вкупниот број на вработени во училиштето;
- по барање на Советот на родители во училиштето.

### Член 11

Училишниот одбор може да одржи седница само ако се присутни повеќе од половина од членовите.

Ако нема доволен број членови за одржување на седницата, седницата се одложува и се закажува усно.

**Член 12**

По констатирањето на мнозинство присутни членови, претседателот ја отвора седницата и го чита дневниот ред, ги повикува членовите да се изјаснат за него или да дадат свои предлози за евентуални измени или дополнувања.

**Член 13**

Претседателот им дава збор на членовите за дискусија. Доколку оцени дека радсправата по одредени точки ќе трае подолго, може временски да ја ограничи дискусијата и да не дозволи повторно учество во неа.

**Член 14**

По завршувањето на дискусијата по одредена точка од дневниот ред, претседателот формира заклучок, став или ја соопштува одлуката која треба да се донесе, а потоа се спроведува гласање. Доколку во согласност со Деловникот се донесе заклучок, став или одлука, претседателот го чита и го прогласува за донесен. Донесените заклучоци, ставови или одлуки на Училишниот одбор се издвојуваат во посебен документ, кој го потпишува претседателот, а потоа се архивира и се објавува.

**Член 15**

Членот на Училишниот одбор нема право на глас за предлог одлуките во следните случаи:

- кога се одлучува за негово право и обврска;
- кога членот на Училишниот одбор учествувал во одлучувањето на истата работа во прв степен.

**Член 16**

Од седницата се води записник. Записникот го води секретарот на училиштето. Во записникот се запишува терминот на одржување на седницата, бројот на присутните, односно отсутните членови, дневниот ред, во кратки црти од дискусиите, предлозите и нивните предлагачи, заклучоци и одлуки.

Записникот се чита корегира и се усвојува на првата наредна седница, а го потпишуваат претседателот и записничарот.

**Член 17**

Заклучоците, ставовите и одлуките Училишниот одбор се донесуваат со мнозинство гласови од вкупниот број членови на одборот, кои имаат право на одлучување.

**Член 18**

Гласањето по правило е јавно, а ако Училишниот одбор одлучи може за одделни точки да се гласа и тајно. Тајно гласање за одредени прашања може да биде предвидено и во Статутот на училиштето. Процедурата за тајно гласање е пропишана со Статутот, а ако тоа не е регулирано со него за тајното гласање се формира трichлена комисија. Гласовите од јавното или од тајното гласање се запишуваат во записникот.

**Член 19**

Редот на седницата го одржува претседателот на Училишниот одбор. Доколку некој од членовите на одборот или друго лице ја попречува работата, претседателот ќе го опомени. Ако по опомената лицето продолжи со попречување на работата, претседателот ќе го замоли да ја напушти седеницата. Доколку не се отстранат пречките за нормална работа, претседателот ќе ја прекине седницата за 15 минути или ја презакажува за друг термин.

**Член 20**

Со одобрение на претседателот, на седницата може да присуствуваат заинтересирани вработени или други лица.

**Член 21**

Секој член е должен да присуствува на сите седници на Училишниот одбор.

Членот на Училишниот одбор може да отсуствува само од оправдани причини.

Членот на Училишниот одбор е должен правовремено да ја извести надлежната служба или лично претседателот за спреченоста – причината поради која не може да присуствува на седницата.

За оправданоста на изостанувањето на членот од седницата одлучува Училишниот одбор на предлог на претседателот на седницата.

**Член 22**

Ако поради причините наведени во член 19 заради некој член на Училишниот одбор два пати се прекине седницата или ако член на Училишниот одбор три пати неоправдано отсуствува од седница или без одобрение на претседателот ги напушта седниците пред нивното завршување, претседателот е должен да покрене постапка за негово отповикување и за избирање на нов член.

## Надлежности на Училишниот одбор

**Член 23**

Училишниот одбор на основното училиште:

- донесува статут на основното училиште;
- предлага Годишна програма за работа и извештај за работа на основното училиште до Советот на општината;
- донесува Развојна програма на училиштето;
- предлага финансиски план до основачот;
- предлага завршна сметка до основачот;
- објавува јавен оглас за избор на директор во најмалку три дневни весници кои се издаваат на целата територија на Република Северна Македонија од кои еден од весниците на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кои зборуваат службен јазик различен од македонскиот јазик;
- врши интервју со кандидатите за директор;
- предлага на градоначалникот на општината еден кандидат од пријавените кандидати на објавениот оглас за избор на директор;
- дава предлог до директорот за избор на наставници и стручни соработници;
- одлучува по жалбите на ученици, родители, односно старатели на ученици;
- врши и други работи утврдени со Статутот на основното училиште.

**Член 24**

Училишниот одбор за поднесените жалби мора да одлучи во рек од 15 дена од денот на поднесувањето на жалбата.

**Член 25**

Деловодникот за работа влегува во сила со денот на донесувањето.

Скопје 25.12.2019

Училишен одбор на ООУ„Партенија Зографски“

Претседател

_______________________________